Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-276/5
03-07-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-276/1 од 31.03.2023 година поднесена од [redacted] против градоначалник на Општина Долнени, г-дин Урим Ибески, за извршено вознемирување врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (1), а во врска со член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), на 03.07.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ПРОДОЛЖЕНА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи сторено од страна на Урим Ибески градоначалник на Општина Долнени, кон лицето [redacted] с. Црнилиште.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-276/1 на 31.03.2023 година, од страна на [redacted] од с. Црнилиште за сторено вознемирување врз основа на политичко уверување од страна на лицето Урим Ибески, градоначалник на Општина Долнени.

### I.

Во претставката доставена до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во понатамошниот текст: Комисијата) подносителот наведува дека градоначалникот на Општина Долнени, Урим Ибески, не постапува по Мислење број 08-22/2 на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесено на 03.02.2022 година со кое е утврдено Вознемирување врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи. Имено согласно насоките во мислењето, лицата [redacted] вработени во Општина Долнени треба да бидат вратени на извршување на работните задачи во подрачните канцеларии на Општина Долнени во населено место Ропотово. Со усна наредба на 02.03.2023 година градоначалникот Урим Ибески го повлекол лицето [redacted] во подрачните канцеларии на населено место Ропотово. На 06.03.2023 година подносителот на претставката [redacted] доставил Барање под деловоден

број 03-232/1, за спроведување на мислењето на комисијата за спречување и заштита од дискриминација и да биде вратен во подрачните канцеларии во населено место Ропотово, но по однос на истото сеуште нема одговор. Според подносителот на овој начин меѓудругото му се прави и сегрегација од причина што во општинската зграда на извршување на работните задачи е само тој и уште едно лице кое е вработено и е жител на наслено место Долнени. Воедно, подносителот наведува дека во однос на другите вработени во понеповолна положба е ставен и од аспект на патни трошоци кои не му се надоместуваат.

II.

Комисијата се обрати до градоначалникот на Општина Долнени со Барање за произнесување по наводи во претставката заведено под број 08-276/2 од 13.04.2023 година, а на 22.05.2023 година достави и Ургенција за доставување на произнесување по што беше доставен Одговор по барањето за произнесување заведено под број 03-645/2 од 26.05.2023 година. Во Одговорот од градоначалникот е наведено дека наводите во претставката не кореспондираат со реалноста и во целост ги отфрла како неточни, невистиниите и кои утврдуваат лажна фактичка состојба. Имено, седиштето на Општина Долнени се наоѓа во населено место Долнени, а покрај тоа отворени се и подрачни канцеларии во село Ропотово каде работи повремено дел од општинската администрација вклучувајќи го и градоначалникот, додека останатиот дел од општинската администрација работи во просториите на седиштето на општината. Понатаму се наведува дека сите вработени во општинската администрација од општина Долнени по Решение за вработување и по опис и попис на на работни задачи се води дека истите ќе ги извршуваат во општинската зграда во с. Долнени освен ако бидат прераспоредени на друго место со Решение на претпоставен. Погореименуваните лица од кои и [redacted] градоначалникот од моментот на неговиот избор на функцијата ги затекнал на нивното работно место во седиштето на општина Долнени односно населено место Долнени. Во Одговорот градоначалникот потврдува дека во меѓувреме поради потребите на општината, лицето [redacted] кој е вработен како преведувач, привремено е трансфериран, односно префрлен во општинските канцеларии во населеното место Ропотово, а по завршување на работните задачи ќе биде вратен во населено место Долнени, каде се води како вработен и каде се наоѓа седиштето на општината.

III.

Во Уставот на Република Северна Македонија, во член 9 е уредено дека *граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.* Согласно член 32 од Уставот, *секој има право на работа, слободен избор на*

*вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.*

Со член 6 став (1) од Законот за работните односи, како специјален закон со кој се уредуваат правата и обврските на работодавачите и работниците, се предвидува дека *работодавачот не смее барателот на вработување или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.* Во став (3) од истиот член е предвидено дека *принципот на еднаков третман подразбира забрана за директна и/или индиректна дискриминација.*

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 258/20) *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други,* додека пак во член 8 од законот е уредено дека *директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.* Видно од дефинициите опфатени со член 4 од истиот закон, под продолжена дискриминација се подразбира *дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи.*

IV.

Во ноември 2021 година пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, [redacted] поднел претставка за заштита од дискриминација против поранешниот градоначалник на Општина Долнени, [redacted] за извршена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи. Врз основа на наодите во претставката и доставените докази кон истата, а по утврдување на фактичката состојба, Комисијата донела мислење 08-22/2 од 03.02.2022 година со кое утврдила вознемирување врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, сторено од страна на поранешниот градоначалник на Општина Долнени, [redacted] врз лицето [redacted] и препорачала на именуваниот да му се овозможи работните задачи да ги извршува во општинската подрачна канцеларија во населено место Ропотово.

V.

Врз основа на сето гореизнесено, како и од приложените списи и доставените и прибавени докази, констатирана беше следната фактичка состојба:

Лицето [redacted] од с. Црнилиште е вработен во општина Долнени и своите работни задачи ги извршува во општинската зграда во населено место Долнени. И покрај тоа што седиштето на општината е во населено место Долнени, општинската администрација работните задачи ги извршува во подрачните канцеларии на општината во населено место Ропотово. Во 2021 година именуваниот поднел претставка за заштита од дискриминација и по истата е донесено Мислење број 08-22/2 од 02.03.2022 година со кое е утврдено вознемирување врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на поранешниот градоначалник на Општина Долнени, [redacted] По изминувањето на повеќе од една година од донесувањето на мислењето на Комисијата по истото не е соодветно постапено и лицето [redacted] и понатаму не е вратен во подрачните канцеларии на општината во населено место Ропотово. Заради наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека кон лицето [redacted] е сторена продолжена директна дискриминација, како потежок облик на дискриминација, врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на актуелниот градоначалник на Општина Долнени, Урим Ибески. Во таа смисла согласно член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дсириминација, ги дава следните

## П Р Е П О Р А К И

1. СЕ ПРЕПОРАЧУВА градоначалникот на Општина Долнени, Урим Ибески да ги отстрани последиците кои настанале како резултат на продолжената директна дискриминација сторена кон лицето [redacted] од с. Црнилиште, да му овозможи остварување на правата од работен однос на еднаква основа како и останатите вработени, конкретно како и на лицето [redacted] кој е вратен на извршување на работните задачи во подрачните канцеларии на општината во населено место Ропотово и за истото писмено да ја извести Комисијата во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење.

2. СЕ ПРЕПОРАЧУВА градоначалникот на општина Долнени, Урим Ибески во иднина да се воздржи од вршење на било каков облик на дискриминација кон вработените во Општина Долнени.

Градоначалникот на општина Долнени, Урим Ибески треба да го исполни препорачаното, а доколку не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на надлежностите од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
03.07.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од Дискриминација

Заменик-Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Градоначалник на Општина Долнени, Урим Ибески
  Општина Долнени
- Архива